СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

**НО-СО 33-та седница**
**29.10.2015 година**
**Точка на дневен ред бр.1-1**

# М И С Л Е Њ Е

## На Надзорниот одбор кон предлог Одлуката за избор на членови на Одборот за ревизија на Стопанска Банка а.д. Битола

**Битола, октомври, 2015 година**

# МИСЛЕЊЕ

На Надзорниот одбор кон предлог Одлуката за избор на членови на Одборот за ревизија на Стопанска Банка а.д. Битола

Согласно член 82 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО.бр.02-2482/I-2 од 26.03.2015 година (Пречистен текст), Одборот за ревизија на Банката се состои од 5 (пет) члена, од кои три члена се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а другите два се независни членови. Најмалку еден од членовите на Одборот за ревизија треба да биде овластен ревизор.

Моменталниот број на членови на Одборот за ревизија е 5(пет), од кои на 4 (четири) члена мандатот им истекува на 18.12.2015 година со што потребно е да се изврши повторно именување на 4 (четири) члена на Одборот за ревизија и тоа 3 (три) члена од редот на членовите на Надзорниот одбор и 1 (еден) независен член.

Согласно член 388-б, став 1 точка 4, од Законот за трговски друштва за точките за кои нема предлог одлуки за донесување по предложената точка потребно е овластен орган (Надзорен одбор на Банката) да даде мислење кое ќе биде објавено на интернет страницата на Банката,

Согласно член 390 од Законот за трговските друштва, предлог одлуките за именување на членови на Одбор за ревизија треба да се доставаат во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.

Податоците за предложените членови на Одборот на ревизија на Банката, кои согласно челн 344 став 4 од Законот за трговските друштва треба да им бидат достапни на акционерите најмалку 7 дена пред собранието да пристапи кон нивни избор. Податоците се достапни до секој акционер.

Битола, 29.10.2015 година

**Надзорен одбор**

**Претседател**

**Г-дин Ненад Јосифовиќ**